**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27. 10. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5242 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 октомври до 21 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма").
- **Член 75-б од Изборниот законик** („Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект").
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Од централните изданија на дневникот од 16 часот и 30 минути во продукција на Радио Слободна Македонија, емитувани во периодот од 12 до 21 октомври, методолошки беа изделени вкупно – 1 час и 50 минути и 9 секунди, новинарски прилози за актуелни внатрешно-политички и општествени теми, со што не беше постигнат минималниот аналитички примерок од 2 часа.

***Посебни информативни емисии***

*Интервју*

На 12 октомври, од 11 часот во емисијата „Круг“ гостува историчарот проф. д-р Далибор Ивановски, а зафатени се повеќе теми од историјата на Македонија, поврзани со билатералниот – Македонија / Грција, политички проблем околу државното име, како клучен за македонскиот национален идентитет, и разрешување на пречките кон евро-атлантските аспирации. Емисијата е репризирана двапати, од 21 часот истиот ден и по полноќ на 13 октомври.

На 13 октомври од 11 часот во економскиот магазин „Бројки“, направено е педесетминутно интервју со Виктор Мизо, директорот на ТИРЗ. Основен повод за интервјуто се трите најавени странски инвестиции (цитат): *„Костал веќе почна со производство, СТС Текстил почнува кон крајот на овој месец, а грчката ЦераМетал го купи земјиштето на кое ќе гради во индустриската зона Жабени во Битола. Што ќе значат сите овие инвестиции и до каде се сите останати?“* Крајот на емисијата претставува избор на најзначајните настани од различни области на македонската екомонија. Емисијата е репризирана истиот ден од 21 часот, и на 14 октомври по полноќ.

На 14 октомври, во политичкиот магазин „Пулт“, направено е интервју со политичкиот аналитичар Никола Србов, докторант на историски науки, а како главна тема се поставуваат претстојните предвремени парламентарни избори, со посебен осврт врз работната посета на еврокомесарот Јоханес Хан на Скопје со сите релевантни чинители на сложениот изборен процес произлезен од „Договорот од Пржино“. Забележливо е отсуство на каква било критичност во новинарските прашања, па уделот на водителката на емисијата се сведува само на задавање тематски одредници за интервјуто што всушност се води како монолошка, експлицитно негативна критика на Србов за политичката стратегија на опозицискиот СДСМ во контекст на 11 декември, датумот договорен за парламентарните избори. Анализата на Србов за мотив ги зема собраниските расправи за законите што го определуваат статусот, мандатот и легислативниот домен на функционирање на Специјалното јавно обвинителство, а потоа исклучиво ги поврзува со политиките на опозицискиот СДСМ. Ставот на Србов може да се илустрира со следниов негов заклучок (цитат): *„Која им е стратегијата на социјалдемократите? Да ја доведат државата до таква опасност, да создадат кај граѓаните револт кој подоцна ќе го пласираат, ќе го насочат тој револт кон власта. Гледаме дека тоа не им успева. Тоа е ставање во ризик на самите граѓани на Република Македонија, сè со цел да се извлече еден единствен политички поен.“* Реприза на интервјуто е емитувана двапати – од 21 часот дента, и по полноќ на 15 октомври.

На 15 октомври, во емисијата „Радио полиграф“, емитувано е интервју со Влатко Ѓорчев, најавен како (цитат): *„пратеникот на ВМРО ДПМНЕ“*. Теми за разговор се: средбите меѓу еврокомесарот Јоханес Хан и потписниците на „Договорот од Пржино“, потоа - распуштањето на Собранието, и партиските подготовки за предвремените парламентарни избори. Интервјуто е репризирано на 16 октомври по полноќ.

На 17 октомври, во емисијата „Кворум“, на тема: Распуштање на Собранието и предвремените парламентарни избори, емитувано е интервју со новинарот Тодор Пендаров, најавен и како (цитат): *„вработен во Секторот за односи со јавноста на Собранието“*. Интервјуто е репризирано од 21 часот дента, и по полноќ на 18 октомври.

На 19 октомври, од 11 часот, реприза од 21 часот, и по полноќ на 20, во емисијата „Круг“, на тема – предвремени парламентарни избори, емитувано е интервју со политичкиот аналитичар Сотир Костов.

На 20 октомври, со реприза од 21 часот истиот ден и по полноќ на 21 октомври, главниот дел од утринскиот термин за економскиот магазин „Бројки“ е реализиран како интервју со Живко Митревски, претседателот на Сојузот на синдикатите на Република Македонија, на тема – услови, заштита и безбедност на работното место, и работничките права.

На 21 октомври премиерно од 11 часот (репризно од 21 часот) во емисијата „Пулт" емитувано е интервју со Александар Пандов, најавен како (цитат): *„политички аналитичар"*. Тема се (цитат): *„Две нови истраги на Специјалното јавно обвинителство објавени вчера, паралелно со влезот на Катица Јанева во Управата за безбедност и контраразузнавање. Се интензивираат јавните настапи на Специјалното јавно обвинителство и се редат пријави против членови на највисокото раководство на ВМРО ДПМНЕ. Предизборен фолклор во интерес на опозицијата или градење на правна држава, што ќе се случува до 'Денот Д' кога граѓаните ќе го дадат својот глас?"*. Интервјуто со политичкот аналитичар Пандов е уште едно од серијата интервјуа емитувани на РСМ што се сведуваат на црно-бело – ВМРО ДПМНЕ (позитивно) / СДСМ (негативно), биполарно политичко гледиште, при што работата на Специјалното јавно обвинителство се банализира како политичка кампања на СДСМ (цитат): *„Ако во неделата го имавме големиот собир во Борис Трајковски на ВМРО, на којшто официјално започна изборната кампања на ВМРО ДПМНЕ, од друга страна, оние вчерашни и завчерашни акции на СЈО и на Катица Јанева (се мисли на истрагите „Тендер и „Топлик", и на влезот на СЈО во УБК – з.н.), исто така можеме да ги препишеме како официјален старт на кампањата на СДСМ."*

## <u>Други информативни програми</u>

На 14 октомври, емисијата „За дипломатијата со Никовски", се занимава со работната посета на Јоханес Хан во Скопје, а аналитички е проблематизирана како (цитат): *„Странскиот фактор, а тоа се Вашингтон и Брисел, пред сѐ Брисел во функција на Вашингтон, е тој што е напикан во сите наши голготи, во сите наши проблеми, и кога доаѓа еден таков висок претставник, нели така, се тресат некои мали темели на државата, се преиспитуваме што ќе донесе, што ќе каже, што мисли, што ќе прави и така натака, па еве да се обидеме да ја анализираме неговата посета (...)."*

На 18 октомври, темата на едночасовното издание на „Поента" (17 часот), професорката Тања Каракамишева, водителка на емисијата, ја определува преку следниов цитат: *„Денешната тема на денот е поврзана со долгоочекуваната политичка разрешница на политичката криза која како што сите знаеме ја наметна опозицијата во Република Македонија, и за која буквално еве цела година зборуваме, бараме решенија, бараме соодветни излезни правци. Но се надевам дека овојпат, за разлика од двата минати пата кога фактички имавме проблем во воспоставување меѓупартиски консензус околу тоа дали ќе имаме или не избори, првиот пат на 24 април, вториот пат на 5 јуни, се надевам дека овојпат 11 декември е фикс датум кога навистина ќе се одржат долгоочекуваните предвремени парламентарни избори, и впрочем опозицијата беше најгласна во барањето на овие вонредни парламентарни избори навистина да се случат, па еве, се надевам дека овојпат навистина ќе имаме разрешница на политичката криза и опозицијата нема повторно да биде пишман-аџија и да бара одредени институционални решенија за повторно враќање на старата политичка екипа во институциите на системот."* Низ целата емисија, со силно потенциран биполарен партиски контраст - ВМРО ДПМНЕ (позитивно) / СДСМ (негативно), д-р Каракамишева наведува поенти од говорот на Груевски, лидерот на ВМРО ДПМНЕ, одржан на партискиот митинг во спортскиот центар „Борис Трајковски", при што, поради често реторичко мешање на цитати од тој говор со употреба на модални зборови (*би рекла, всушност, односно, слободно можам да кажам*, и сл.), од позиција на реципиент / слушател, не е јасно кога, она што го говори, е нејзин оригинален, авторски текст (цитат): *„Вербата и довербата што ВМРО ДПМНЕ ја има кон сопствените граѓани е всушност базата или основата врз којашто се темели успехот на оваа партија веќе десет години по ред. Вербата и довербата е, би рекла, двострана, и едната и друга се стекнуваат со многу труд, со многу работа, со многу посветеност, но и со многу лична и колективна самопожртвуваност. И со вербата и со довербата никој не смее да се поигрува, со нив никој не смее да тргува, и не смее да се манипулира. Вербата на ВМРО ДПМНЕ кон сопствениот народ, но и довербата што граѓаните ѝ ја даваат на оваа политичка опција е всушност она природно лепило, или природен*

*лепак што ги спојува политичарите од оваа партија со народот, односно со граѓаните, такво лепило не можеме да видиме на другата страна, во опозицискиот табор, и токму затоа СДСМ уште долг период ќе остане во политичка опозиција во Република Македонија. (...) Од друга страна, имаме една доминантна опозициска партија со нејзините коалициски сателити, која е класична политичка табула раза, која нема никаква конкретна и детална политичка и економска програма, која нема видлива стратегија за развој на државата, туку единствено што има е видлива стратегија за разнебитување и ничкосување на сопствената татковина што навистина е жално да се гледа, но и жално да се следи во сите овие изминати неколку години*".

На 19 октомври, една од темите за емисијата „Радио шоу со Миленко Неделковски", премиерно емитувана од 17 часот (репризно од 4 часот по полноќ на 20 октомври), се предвремените парламентарни избори, а коментаторски вулгарно се тривијализирани изборните потенцијали на низа помали политички партии што би формирале т.н. „широк фронт" предводен од опозицискиот СДСМ.

На 20 октомври, од 17 часот (репризно од 4 часот по полноќ на 21 октомври), емисијата „Радио бурек" за тема ги има истрагите на Специјалното јавно обвинителство – „Тендер" и „Топлик", и посебно неговото барање документација од Управата за безбедност и контраразузнавање, во прилог на истражната постапка за случајот „Прислушкување". Покрај постојаната споредба на поединечните авто-промотивни партиски активности на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ, со фаворизирање на владејачката партија, се инсистира на синхронизиран политички настап на опозицискиот СДСМ и на СЈО. Водителот на емисијата развива своја теза за мотивите на СЈО да добие пристап до податоците од УБК, што може да се илустрира со следниов цитат (даден без какви било јазични корекции): „*Што ќе се случува? Ако ги земат овие снимања кои се со ПИМ-мерки, како што беше снимен Заев кога даваше евро за Виц'то и така натаму, бидејќи тоа е законски, тоа е по судски налог, имало сомнеж, по сомнеж се оди на суд, судијата дава дозвола, со таа дозвола специјалните служби поставуваат камери и го снимаат, така видовме како премиер на нашава држава беше уценуван да биде симнат од власт за да дојде некој друг. Конечно, вака или онака, тоа им успеа. Премиерот на Република Македонија кој вие го избравте драги мои, одамна не е Премиер. Веќе десеттиот месец истекува. И планот, вака или онака им е остварен. Но бидејќи има огромни огромни огромни шанси да се врати, што после 11-ти? Ако ги имаат овие ПИМ-мерки, ќе можат да го приклонат севкупното криминално подземје под себе. Со тие ПИМ-мерки, ќе можат да им помогнат на тие, на тоа подземје, бидејќи нормален човек нема да се радикализира, ако го имаш подземјето со себе, ќе можеш да вршиш дестабилизација на теренот. Значи – егзекуции покрај езера на деца или слично, да вршиш терористички напади и сето тоа, нели, и да ја обвинуваш и да ја, да се направи таков безбедносен проблем во земјата, да мора да се прогласи кризна состојба, распуштање на Парламентот, воведување вонредна ситуација, па после со притисок на надворешниот фактор да се стави проблемот на Македонија во Советот за безбедност каде што ќе се заклучи дека Македонија е безбедносен проблем, дека треба странска интервенција, тоа нема да биде со авиони и со падобрани него суптилно ќе се направи, валутни-бордови како што ни најавуваа, и така натаму. Што ќе се постигне со тоа? Па целта е многу јасна за која можеме и подоцна да дебатираме, а тоа е – федерализација на Македонија, промена на името, промена на идентитетот, задоволување на страстите на јужниот сосед, и смирување на ситуацијата, а оваа Обамина администрација да си може да си ги намести своите ЛГБТ послушници и да си раководи со овој дел од Балканот на своја страна, затоа што ќе има, потполно на далечински, неавтентични политичари кои лесно ќе може да ги манипулира. Тие отворено се ставаат во нивна служба, а не во служба на македонскиот народ.* "

На 21 октомври од 17 часот, основната тема на емисијата „За дипломатијата со Ристо Никовски", е работата на СЈО, воведена преку следниов цитат: „*Иако плановите беа поинакви, сепак ќе почнеме со Специјалното јавно обвинителство. И, ако некој се праша, сега што бара таа тема на оваа емисија кога зборуваме, нели така, кога основата се дипломатски теми, ќе објасниме дека зад Специјалното јавно обвинителство се крие странскиот фактор, поточно Вашингтон и тоа е нивна алатка, тоа е формирано со единствена цел да ја руши оваа власт и затоа е неприфатливо, инаку сме кажале порано и*

*да повториме сега, нас ни е потребна таква институција меѓутоа која ќе се бори против криминалот и корупцијата кои се присутни во земјата, а не која ќе води политика како во овој случај и тоа во интерес на странскиот фактор.“*

***Сектор за програмски работи***